Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерство за транспорт, на ден 18.11.2025 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ - **Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за градежна парцела 5.1 – Административен комплекс на Министерство за внатрешни работи, Блок Ј 21.05, од Детален урбанистички план за градска четврт Ј 21 – локалитет Клинички центар и Геолошки завод, КО Центар 2, Општина Центар, со тех. бр. F0427** кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ - **Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за градежна парцела 5.1 – Административен комплекс на Министерство за внатрешни работи, Блок Ј 21.05, од Детален урбанистички план за градска четврт Ј 21 – локалитет Клинички центар и Геолошки завод, КО Центар 2, Општина Центар, со тех. бр. F0427**, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Површината во границите на проектниот опфат изнесува 4,35ха и се наоѓа во веќе изграден комплекс. На овој простор се организира функционална урбанистичка целина со намена и градби за потребите на Министерството за внатрешни работи. Урбанистичкото решение ќе се создаде позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување и од аспект на повисока организација и уреденост на просторот и инфраструктурна опременост.
4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.67-7475/2
Датум: 18.11.2025
Место: Скопје

Министер
Александар Николоски